DANISH PRESIDENCY
OF THE COUNCIL OF THE
EUROPEAN UNION 2012

# 11. ЕВРОПСКИ СОСТАНОК ЗА ЛУЃЕТО КОИ ЖИВЕАТ ВО СИРОМАШТИЈА

**10-11 мај 2012**
**Палата Егмонт, Брисел**

## Бездомништво и станарски права во време на криза

### Дали покривот над глава е доволен за да се чувствуваш како дома во ЕУ 2012?



Поддржан од European Commission

Организиран со помош на
European Anti-Poverty Network (EAPN)

Домаќин на состанокот во палатата Егмонт
е белгиската Влада



На 11. Европски состанок учествуваа преку 150 делегации (луѓе со директно искуство од сиромаштија и/или бездомност) од 30 земји да размислуваат на оваа тема, под три наслови: Влијанието на кризата; Примери од практиката; и Препораки за политиката. Делегатите разменија мислења со претставниците на националните министерства, Европската комисија, Европскиот комитет за економија и социјала, научниците, истражувачите и социјалните НВО.

# Изјава на делегатите

Луѓето кои живеат во сиромаштија го дадоа својот прв придонес на 11. ЕУ-состанок за луѓето кои живеат во сиромаштија, преку заедничка декларација дадена на знаење до сите европски институции.

**Делегатите на 11. ЕУ-состанок за луѓето кои живеат во сиромаштија им покажаа црвен картон на ЕУ-институциите**

Но оваа година, повеќе од кога и да е, се чувствуваме напуштени од оние кои тврдат дека стојат на наша страна, работејќи за нас и со нас.

Сè поголем е бројот на бездомни лица и лица кои живеат во неизвесни услови, потоа оние што ги губат своите домови бидејќи не можат да ја платат киријата или хипотеката, како и оние без дом поради дискриминација.

Невработеноста секаде е во пораст, работниците се сè повеќе несигурни, а младите не можат да си ја замислат иднината.

Сето ова се случува бидејќи владите на земјите-членки и на европските институции не гледаат подалеку од фискалните сметки.

Чувствуваме дека водачите на ЕУ ги изгубиле од вид целите поради кои Европската унија била формирана пред 60 години: цели кои вклучуваат почитување на правата, распространета материјална и социјална благосостојба, солидарност и соработка.

Политиките што сега се користат за да се победат економските и финансиските кризи создаваат повеќе сиромаштија и социјална исклученост.

Имаме право на примерено минимално примање, квалитетна работа, ефикасни и достапни социјални услуги, вода, струја, достоинствено место за живеење, на здравство итн.

Никогаш не сме мислеле дека европските состаноци на лица кои живеат во сиромаштија се решение за сите проблеми. Но знаеме дека ова е единствена

можност да се слушне нашиот глас, со директен придонес да влијаеме на обликувањето на политиките што силно нѐ засегаат, но кои исто така имаат и големо влијание на целото општество.

Сакаме вистинска ЕУ-стратегија на вклученост која ќе има смислени акции на локално, национално и на европско ниво, способни да ја достигнат целта на намалување на сиромаштвото во ЕУ. Како луѓе кои се директно погодени, сакаме да бидеме дел од одлучувањето за акциите што ќе се преземат и да бидеме вклучени во реализацијата и оценувањето на овие акции. Сакаме финансиските инвестиции да ги поддржат овие акции и да бидеме слушнати и видени во јавната сфера. Затоа од многуте делегати, еден или двајца ќе го напуштат состанокот за да се соберат пред зградата на Советот на ЕУ, покажувајќи им на водачите на ЕУ црвен картон и таму да ги врачат нашите пораки.

Видео: http://www.youtube.com/watch?v=ZH71bDQ8_rw&feature=youtu.be



# Отворање на пленарната седница – воведни забелешки



**Jesper BRASK FISCHER, *заменик на постојаниот секретар, Министерството за социјална работа*** од Данска ги потсети делегатите дека има многу мала заедничка легислатива за социјалата на ниво на ЕУ, но процесите – Open Method of Coordination (OMC), отворениот метод на координација – овозможиле земјите да вршат размена и да учат за заедничките предизвици и цели. Исто така, новата европска стратегија 2020 ги поставува социјалното вклучување и намалувањето на сиромаштијата заедно со економскиот раст и креирањето нови работни места, она за кое ЕУ се труди да го постигне.

Но бројката на оние кои се во ризик од сиромаштија во ЕУ порасна за околу 2 милиона луѓе, 2009-2010.

Средствата се потребни за нови иницијативи и насочени методи кои се дел од стратегиите за борба против бездомништвото.

**László ANDOR*, европски комесар за вработување, социјални прашања и вклученост*** истакна дека пораката од неодамнешните избори на целиот континент е дека Европа треба да ја промени насоката и дека глобалните мерки за штедење веќе не се прифатливи. Потребен е попаметен начин на фискална консолидација.

Стратегијата ЕУ2020 содржи цели за издигнување на најмалку 20 милиони луѓе од сиромаштијата и социјалната исклученост до 2020 година. Пред две години бевме критикувани дека не сме доволно амбициозни. Сега луѓето велат дека оваа цел не е реалистична ако не сме способни да ги обновиме можностите за раст во земјите кои се најмногу погодени од рекордно високото ниво на невработеност.

Мораме да најдеме обновена солидарност меѓу земјите, како и солидарност во самите земји за да се финансираат нужните социјални услуги.

Европската комисија има ограничен капацитет за директна интервенција во социјалните политики на земјите-членки, но европските фондови ќе продолжат да ги поддржуваат напорите за идентификација на причините за бездомништвото, најдобрите практични решенија, вклучувајќи ја и проценката на иновативните пристапи. Треба итно да почнеме расправа за несреќните политички одговори што го криминализираат бездомништвото, да видиме како ЕУ работи на интеграција на Ромите и како се справува со сиромаштвото кај децата кое е поврзано со станбеното прашање и бездомништвото.

Мора да се потрудиме повеќе за да го спречиме бездомништвото, вклучувајќи и справување со прашањата на финансиската регулација што е системска причина за бездомништвото. Треба, исто така, да истражиме како влијаат и политиките на здравството, поддршката за вработувањето, помошта во храна, човечките права, регионалниот развој итн. За да ги поддржи овие напори, Комисијата предложи најмалку 20% од европските социјални фондови да се резервираат за социјална вклученост.

**Maggie DE BLOCK,** ***белгиски државен секретар за социјална интеграција и борба против сиромаштијата,*** истакна дека во Белгија работат на изнајдување начини како да постигнат структурни реформи што ќе создадат нужни работни места и раст. Од голема важност е властите да ги слушаат луѓето кои живеат во сиромаштија за да дојдат до доследни и кохерентни политики. Важно е да се одржуваат овие европски состаноци на луѓе кои живеат во сиромаштија и такви состаноци се потребни сè додека постои сиромаштијата.

Како што заклучил Советот во 2010 година, координацијата на европските политики е исто еден начин на борба против сиромаштијата.

**Dominique PION,** ***француски делегат од 10. Европски состанок за луѓе кои живеат во сиромаштија,*** истакна колку е важно и колку европските состаноци ги збогатуваат ранливите луѓе кои живеат во сиромаштија.

Меѓутоа има толку малку одговор на истакнатите проблеми и на препораките дадени од делегатите, што е невозможно да се препознае каква било еволуција за една година. Отсуството на политички претставници од состаноците изгледа како недостиг на почит.

Сепак, акции како што се овие, кои фаворизираат директно учество се нужни за да им се даде глас на луѓето кои живеат во сиромаштија и да се овозможи развој

на меѓусебно поделените пораки. Важно е европскиот состанок да се одржува секоја година за да се задржи дијалогот со политичарите и службениците.

# Креативни излагања – стварноста на луѓето кои живеат во сиромаштија во Европа

Како и претходните години, националните делегации беа повикани да подготват креативно излагање за да ја изразат и да ја отсликаат стварноста на сиромаштвото. Излагањето се фокусира на овогодишната тема на бездомништвото и станарските права во време на финансиска криза и вклучува играње улоги, филмови и слајдови.

http://www.eapn.eu/en/news-and-publications/news/eapn-news/11th-european-meeting-of-people-experiencing-poverty-homelessness-and-housing-rights-in-the-context-of-the-crisis

# Работилници и состаноци за дијалог

Делегатите се поделија во шест работилници за размена на искуствата, мислите и идеите насочени, главно, на овие три прашања:

1. Кои се клучните разлики во поглед на бездомништвото и кршењето на станарските права во 2012, во споредба со 2008, и тоа пред кризата?
2. Кои се добрите и лошите практики во справувањето со бездомништвото и кршењето на станарските права?
3. Како најдобро можат да бидат дизајнирани локалните, регионалните, националните и европските политики за да се справат со бездомништвото и кршењето на станарските права?

Учесниците во работилниците одржаа три состаноци за дијалог со претставниците на важните европски чинители за да ги расправаат заклучоците од работилниците.

# Клучни пораки

***За стварноста на сиромаштијата, бездомништвото и иселувањето од становите***

- **Сиромаштијата и бездомништвото можат да му се случат на секого:** Причините за сиромаштија и бездомништво секого можат да го погодат; од губење на работното место до физички или ментални здравствени проблеми и од раскинување на врската до логички, но неетични последици на нерегулирани сопственици и банки.
- **Дискриминацијата е голем проблем:** Луѓето кои живеат во сиромаштија имаат или неконвенционален животен стил или несовршен дом, работа

или криминално досие, па поради тоа се соочени со големи предрасуди и дискриминации при барањето стан. Оваа дискриминација е двојно поголема за групи како што се: луѓе со инвалидитет, Роми, имигранти (и легални и нелегални), самохрани родители и етнички малцинства.

- **Кризата создаде додатни профили на луѓе во ризик:**

  Млади луѓе кои не успеваат да најдат работа, стари луѓе на кои пензијата и заштеденото им губи вредност, зголемен број луѓе од „средната класа" кои се соочуваат со презадолженост и хипотеки покажуваат загрижувачки нов профил на луѓе во ризик од бездомништво или исфрлање од домот.

- **Властите треба да престанат да се борат против сиромашните:**

  Често, властите наместо да обезбедат постоење на алтернативни решенија, тие како да имаат намера да ги сокријат или да се борат против луѓето кои живеат во сиромаштија и бездомништво, на пример, преку криминализирање на користењето јавни места, уништување на заедниците на луѓе кои спијат на отворено, исфрлање, итн. Луѓето не смеат да бидат криминализирани затоа што се сиромашни.

- **Бездомништвото и исфрлањето од становите се причинители на сиромаштијата, социјалната исклученост, невработеноста, здравствените проблеми итн., а исто така се и симптоми:**

  Недостигот од стабилно станбено решение ја поткопува способноста на луѓето да го задржат работното место или да се вратат на работа, да останат здрави, да ги остварат своите права, да живеат достоинствен живот итн. Се создава еден маѓепсан круг на исклучување.

- **Постои драматичен недостиг на пристап до социјалните станови:**

  Во многу регии, луѓето без пристап до солидно работно место или примерено минимално примање мораат толку долго да чекаат за социјален стан. Додека чекаат да добијат стан, предизвиците со кои се соочуваат во воспоставувањето контрола над својот живот им се удвојуваат. Постои недостиг на акции за социјални станови, како и недостиг на првенство за бездомниците.

- **Приватниот пазар на изнајмување е досега недоволно регулиран или нестимулиран да понуди решение:**

  Високите кирии, сопственици со предрасуди и недостиг на законска заштита, значи, дека ранливите луѓе во ризик од сиромаштија или исклученост често или не можат да изнајмат приватен стан или имаат слаба заштита од тешките животни услови и иселувањето.

- **Засолништата не нудат долгорочно решение за бездомништвото:**

  Треба многу напор за да се овозможат привремени засолништа. Тие едноставно ќе го затскријат проблемот на спиење на отворено и нема да успеат да ги поддржат или да им овозможат на луѓето да се преселат во постојан дом или да се справат со други проблеми, а со тоа институционализирајќи многу бездомни луѓе.

### *За пристапите и потребните решенија*

- **Правото на дом е основно човеково право кое треба да се применува:**
  Интернационалните договори, декларации на разни ЕУ-институции и некои ЕУ-национални устави го препознаваат правото на дом. Треба повеќе да се направи на ниво на ЕУ и на земјите-членки за да се имплементира ова основно човечко право, во иста мерка како и другите права, на пример, здравство или образование.
- **Треба да се развива начинот - најпрво луѓето да се здомуваат:**
  За голем број бездомници е подобро и поповолно да најдат веднаш станбено решение и да почнат со решавање на другите проблеми од таа позиција, отколку прво да решаваат други проблеми од несигурна позиција или привремено сместување. Сепак, ова здомување не треба да се користи за да се расформираат итните и другите нужни услуги или да се тераат луѓето да живеат во домови непримерени за нивните услови.
- **Комплексноста на бездомништвото и исфрлањето од домовите бара интегрирани решенија:**
  Првенството на здомување не значи да се остане само на тоа. Поддршката е нужна за да се задоволат потребите, како што се здравјето, образованието, социјалните потреби, вработувањето и минималните примања.
- **Да се заврши со срамот на ненаселените згради кои можат да здомат милиони луѓе:**
  Со малку политичка волја, можно е да се заврши со стварноста на шпекулантите кои оставаат голем број згради празни додека другите граѓани немаат каде да живеат. Зголемување на данокот за ненаселени згради може да собере пари за социјални инвестиции.
- **Услугите мора да бидат собрани на едно место за да се контактира со бездомниците:**
  Комплексноста и бирократијата за обезбедување услуги во здравството, здомувањето, вработувањето итн. не можат да бидат и понатаму предизвик за луѓето што се во ризик или се исфрлени од станот. Мора да постои едношалтерски систем каде бездомниците ќе можат да се обратат со своите комплексни потреби.
- **Бездомниците и исфрлените од становите мора да бидат вклучени во одлуките кои се однесуваат на нивниот секојдневен живот:**
  Тоа е прашање на лично достоинство и за да се зголеми бројот на успешно решените случаи, од витална важност е луѓето да бидат поддржани на вистински начин при дефинирањето на плановите или политиките кои треба да ја подобрат нивната ситуација.
- **Стратегии на здомување и решавање на бездомништвото:**
  Има потреба за понатамошен развој на интегрирани стратегии за здомување или решавање на бездомништвото – кои веќе се покажале како успешни – на локално, регионално, национално и ниво на ЕУ. Луѓето бездомници и оние кои живеат во сиромаштија мора да бидат ангажирани во развојот и имплементацијата на овие стратегии.

Централната порака на делегатите беше дека им е доста од мерки кои се борат против економската криза, а сè повеќе создаваат сиромаштија и социјално исклучување.

**Време е за развој на вистински стратегии за бездомништвото и исклученоста во ЕУ, не само на хартија туку и поддржани со смислени акции.**

Потребно е поефикасно собирање податоци и подобро разбирање на стварноста со која се соочуваат луѓето во ризик од бездомништво и исфрлање од становите. Европските структурни фондови треба да се користат стратешки за да се поддржи намалувањето на сиромаштијата и бездомништвото.

# Завршна пленарна седница – завршни забелешки



**Joan BURTON, ирски министер за социјална заштита,** истакна дека темата околу која сите се соединети во своите интервенции е потребата да се почитува достоинството на човечкото суштество.

Многу луѓе кои се сега донесувачи на одлуки можеби заборавиле каква била стварноста за нив кога тие почнувале. Имаме потреба да продолжиме да ги охрабруваме и да ги развиваме структурните партнерства помеѓу носителите на одлуки и луѓето кои живеат во сиромаштија, со цел информирање на нашите социјални политики.

Решенијата треба да направат резови во политичките подрачја на сиромаштијата и иселувањата од домовите, во своите многукратни димензии. Постои значајна улога за други подрачја во политиката надвор од традиционалната надлежност на социјалното вклучување и политиката на заштита.

За време на своето претседавање (од јануари до јуни 2013) Ирска ќе биде активна во промовирање на достигнувањата на европската цел, а со тоа истакнувајќи ја важноста на пристапот со кој Европа треба да го искорени сиромаштвото во сите земји-членки. Подобрувањето на позицијата на ранливите групи, вклучувајќи ги и децата, самохраните родители, инвалидите и домаќинствата без ниту еден вработен, ќе остане приоритет за претседателството. Ирска има цел да се соочи со проблемот на бездомништво и исфрлање од становите на состанокот на Советот за време на нејзиното претседателство и ќе го организира 12-тиот Европски состанок за луѓето кои живеат во сиромаштија.

**Lauris Beets, претседавачот на Комитетот за социјална заштита,** препознава дека ЕУ очигледно поминува низ некои немирни времиња и дека иднината на е розова.

Мониторингот на Комитетот за социјална заштита (SPC) потврди дека економското уназадување ја оддалечи ЕУ од нејзината цел за намалување на сиромаштијата до 2020 година; показателите на сиромаштија и социјална вклученост покажуваат дека се движиме во погрешна насока. Има повеќе луѓе во ризик од сиромаштија или исклученост, но и повеќе луѓе на дното на распределба на приходите, дури и во рамките на групата во ризик. Достапноста до основните здравствени и социјални услуги е влошена и постои зголемена неисполнета потреба за нега.

Комитетот промовира соработка на политиките на социјална заштита помеѓу земјите-членки и Комисијата. Во тој контекст, потребни се и иницијативи и можности во таква комбинација што ќе ја намалат долготрајната невработеност. Но, борбата против невработеноста не е доволна.

Сегашната економска и финансиска криза јасно ја истакна фундаменталната улога на социјалните услуги. Одржувањето на поддршката за приходите на соодветно ниво е исто така ефикасна гаранција против несигурноста и социјалната исклученост што ги намалува и најлошите ефекти на кризата.

Треба да се обрне внимание на квалитетот на мерките за фискална консолидација. Тие мора да одговараат на социјалните потреби на сите генерации и да го задржат капацитетот на социјалната заштита, која единствено ги ублажува ударите од економските шокови на кратки патеки, но и долгорочно. Контролирањето на трошоците на социјалната заштита не се единствениот услов за развој; на крајот на краиштата, издатоците за социјална заштита не се причината за сегашната криза.

Комисијата во заедничкиот извештај за социјална заштита и вклученост од 2010, за свој главен фокус ги постави бездомништвото и иселувањето од становите. Клучни пораки беа важноста на интегрираните стратегии и градењето

кохезивни и еколошки одржливи општества. Комитетот понатаму ќе разгледа како отворениот метод на координација може најдобро да го зголеми вниманието на овие прашања. Дискусиите на овој состанок ќе се насочат на тоа размислување и се надеваме ќе водат до конкретен напредок пред следната конференција на луѓето кои живеат во сиромаштија.

## *Ludo HOREMANS, President of the European Anti Poverty Network (EAPN)*

Во 2010 година, европската година за борба против сиромаштијата, EAPN направи проценка на тоа што било направено со препораките од претходните состаноци, наназад пет години, и откри дека очекувањата не биле исполнети.

Многу делегати изразиле незадоволство од малиот напредок што бил постигнат со нивните препораки. Пораката на делегатите е незадоволството од политиките што бараат излез од кризата, и тоа само со мерки за штедење кои ги погодуваат обичните луѓе и луѓето што живеат во сиромаштија, а кои воопшто не се одговорни за кризата. На состаноците со делегатите присуствуваа службеници на Комисијата и како резултат на тоа се зајакна дијалогот со европската администрација. Сепак, важно е да не се очекува премногу од Комисијата. Одлуките најчесто ги донесуваат националните министри и од голема важност е препораките од овој Европски состанок да дојдат и до нив.

Иако е важно да се има живеалиште, уште поважно е да се има дом и да се живее достоинствено. Потребни се сеопфатни пристапи за покривање на  многукратните потреби на бездомните луѓе, со јаки и стабилни социјални и здравствени услуги. Кога се бараат решенија, треба да се слушнат луѓето кои ги проживуваат тие проблеми и тоа не на ад-хок основа, туку на структуриран начин.

Добро е да се знае дека ирското претседателство идната година ќе го организира 12-тиот Европски состанок за луѓето кои живеат во сиромаштија, но работата тука не завршува. Ни треба следење на активностите и ангажирање на луѓето кои живеат во сиромаштија во тековните процеси за пронаоѓање решенија. Исто така треба да размислиме дали да се вложи повеќе напор во агендата на нашите европски состаноци.

На крајот, многу е важно да се поддржи предлогот на Комисијата за одвојување на 20% од европските социјални фондови за социјални мерки за вклучување. EAPN започнува кампања за да ја пренесе оваа порака до сите наши водачи на држави и влади. Само ЕУ може да најде решение за излез од кризата преку овие социјални вложувања.

**Freek Spinnewijn, директор на *FEANTSA, Европска федерација на национални организации кои работат со бездомници***

Познат ни е фактот дека бездомништвото и иселувањето од домовите е голем проблем. Иако немаме некоја веродостојна слика, знаеме дека оваа ситуација вклучува неколку милиони луѓе кои ги користат услугите за бездомни лица.

Важните препораки кои произлегуваат од овој состанок треба да се земат предвид во практиката. Повереникот рече дека некои земји го ставиле бездомништвото како приоритет во нивната социјална политика и во нивните национални програми за реформа. Како резултат на тоа, земјите-членки ќе ја поздрават поддршката од ЕУ за да им помогне во справување со овој проблем.

Веќе е побарана јака улога на ЕУ за бездомништвото со: Резолуција на Европскиот парламент; Заедничкиот извештај за социјална заштита и социјална вклученост прифатен од Советот во 2010 година; извештаите од европските економски и социјални комитети и Европскиот комитет на региите; и резултатот на Европската консензус конференција за бездомништво организирана од белгиското претседателство на ЕУ во 2010 година. Постои основна едногласност за потребата од ваква акција на ЕУ. Сега е времето да се дејствува.

# Додаток 1 – придружни случувања

Сите делегати беа поканети да присуствуваат на една од двете придружни случувања на конференцијата кои се одржаа во попладневните часови, на 11 мај 2012 година. Следните кратки прикази ги даваат темите на кои се разговараше.

**Прва придружна случка**

- Организирана од: EUH (the European Union of Homeless) и HOPE (Homeless People in European Stations)[ Европска унија на бездомници и бездомни лица на европските станици].

Се претставија организациите EUH и HOPE. EUH е неформална мрежа на луѓе кои живеат како бездомници организирана од членови на организациите од пет ЕУ-земји: Armutsnetzwerk, Germany; Á Varos Mindenkié, Hungary; Comité Des Sans Logis, France; Daklozen Aktie Kommitee, The Netherlands; and Front Commun SDF, Belgium. HOPE е транснационален проект за подобрување на условите и придружба на бездомните лица на ЕУ-станиците со партнерите, вклучувајќи и железнички компании во: Луксембург, Шпанија, Италија, Германија, Белгија, Полска и Франција.

Maarten Loopmans од Католичкиот универзитет во Leuven одржа воведно излагање: *„Бездомник под притисок: осиромашување, обнова на центарот на градот и селективно право на градот“.* Тој смета дека процесите на

осиромашување значат дека пазарната вредност ја диктира употребата на јавниот простор. Ова води до политики кои го приватизираат јавниот простор и им забрануваат на бездомниците да го користат. Со тоа правото на град и принципот на заедничко користење се доведени под знак прашање, посебно за маргинализираните групи.

Во дебатата, учесниците се согласија дека пристојното здомување и борбата против сиромаштијата остануваат приоритет, но правото на јавен простор е исто така важно и не смее никогаш да биде некому забрането. Локалните теми и пристапи – вклучувајќи ја и криминализацијата на бездомните лица – бараат заеднички локален, национален и европски пристап.

## Втора придружна случка

- Организирана од: La Strata и BRAVVO.

LA STRADA http://www.lstb.be/ е регионална иницијатива на Commission Communautaire Commune на Брисел. Создадена е во 2008 година за да помогне да се добие преглед и подобро разбирање на ситуацијата на бездомниците во градот и да биде центар за поддршка на организациите што работат на тоа поле. La Strada собира податоци и лични искуства од бездомните лица, засолништата и социјалните работници. Тие исто така откриваат кои политики и дадени услуги функционираат, а кои не, и со тоа создаваат простор за дискусија меѓу важните чинители. Посебно ја проучуваат ситуацијата во зима, кога обично има само итни интервенции, и ситуациите кои можат да се планираат. Тие се обидуваат подобро да го усогласат давањето на услугите преку онлајн-платформа.

BRAVVO http://www.bravvo.be/ е иницијатива на локално ниво на градот Брисел. Таа почнува со фокусот на млади луѓе кои го губат времето на јавни места наместо да учествуваат во образовниот процес или во работните активности. Сепак, како што бројот на бездомници пораснал во последниве години во Брисел, работата на BRAVVO придвижила пошироки групи и ’заедници‘ на бездомни луѓе. Организацијата е активна на теренот, пристапувајќи им на бездомниците за да ги анализираат тешкотиите, тензиите, својата ситуација и конфликтите и да им се помогне да најдат решенија.

Расправата ги спореди честите причини за бездомништвото и ставовите кон бездомниците и однесувањето кон нивното користење на јавниот простор од страна на јавноста и властите. Додека се постигна согласност дека податоците за бездомниците нема никогаш да бидат перфектни и дека секој случај е важен, па макар да се работи за еден човек, податоците можат да ја оправдаат потребата од промена кај властите. Имаше дискусија за тоа како да се овозможат специфични услуги, а притоа бездомниците да не се одвојат како во „гето“.

# Додаток два – Листа на учесници

| **Австрија** | |
|---|---|
| SCHUTTE Michael | Straßenzeitung Augustin |
| GANGLE Silvia | Amsel |
| TIGGES Axel | Personal Assistant Vera Hinterdorfer |
| HINTERDORFER Vera | BAKU – Begleitung aller Krisensituationen |
| GEIGER Carina | Personal Assistant Irmgard Kampass |
| KAMPASS Irmgard | Sichtbar-Werden |
| LEHNER Waltraud | MindestVerUnsicherung |
| **Белгија** | |
| VANDERMEERSCHEN Elke | BAPN |
| MEIRSCHAERT Véronique | BAPN |
| AUSLOOS Daniel | BAPN |
| LANGLOIS Dominique | BAPN |
| BAERT Geneviève | BAPN |
| **Бугарија** | |
| NIKOLOV Aleksandar | EAPN Bulgaria |
| TODOROV Aleksandar | EAPN Bulgaria |
| STAMBOLUSKII i Borislav | EAPN Bulgaria |
| NIKOLOV Ivan | EAPN Bulgaria |
| ASIPOV Sabri | EAPN Bulgaria |
| **Хрватска** | |
| SVAGUSA Vesna | Centre for social policy initatives |
| **Чешка Република** | |
| MROZEK Stanislav | Slezská Diakonie |
| FURAK Milan | Caritas Ostrava |
| LEWINSKI David | Slezská Diakonie |
| ORAWSKI Robert | Slezská Diakonie |
| PLSKOVA Jana | Salvation Army |
| **Кипар** | |
| KAZANTZIS Ninetta | EAPN Cyprus |
| STAVROU Georgios | EKYSY |
| KYRIAKOS Odysseos | EAPN Cyprus |
| APOSTOLIDOU Efrosini | Cyprus Greens Woman Movement |
| **Данска** | |
| BAY-PETERSEN Sofie | SAND |
| Ernstsen Per | SAND |
| BERTELSEN Martin | SAND |
| ANDERSEN Leif | SAND |
| SCHEIL Eva Pia | SAND |
| **Естонија** | |
| KAHJU Laura | EAPN Eesti MTU |

| | |
|---|---|
| ELBING Andrus | EAPN Eesti MTU |
| TOPAASIA Ervin | Nõmme Child Welfare |
| TURSMAN Tiina | Omastehooldajate MTÜ |
| **Финска** | |
| VAISANEN Veikko | Settlement Kalliola |
| TOIVONEN Matias | VVA ry |
| KAHARA Pertti | Settlement Kaliola |
| VARSAMAKI Timo | KRIS |
| NIEMELAINEN Ulla Mari | S-asunnot oy |
| **Франција** | |
| COLLINET Geneviève | FNARS |
| BERTHON Francis | Entraide ouvrière |
| DEPLANQUE Richard | Fondation Armée du Salut |
| FRISCOURT Fabrice | Armée du Salut |
| PION Dominique | Impact |
| SZYMANSKI Catherine | Secours Catholique |
| **Германија** | |
| BIEHN Erika | VAMV |
| NIEDERLAND Karin | Straßenfeger |
| HENRICH Diana | Netzwerk Friesenkraft |
| MULLER Jörg | |
| PLIETZSCH Sven | AWO |
| FRANKE Werner | |
| **Грција** | |
| VARDARAMATOU Konstantina | EAPN Greece |
| ATHANASSOULAS Thanaddid | EAPN Greece |
| KESOVA Larisa | EAPN Greece |
| **Унгарија** | |
| MESTER Attila | HAPN |
| SZIGETI Adrienn | The City is for All |
| DUKA Andrea AM | HAPN |
| SZARVAK Eva M | HAPN |
| SZABONE JUHASZ Sara Z | HAPN |
| **Исланд** | |
| GUDJONSDOTTIR Asta | Sjalfsbjorg |
| GUNNARSDOTTIR-Gigja Tinna | Bot |
| KRISTINSSON Guðmundur Ingi | Bot |
| OLAFSDOTTIR Laufey | Single Parents Association |
| **Ирска** | |
| LYNCH Kay | EAPN Ireland |
| BRADY Deborah | One Family |

| | |
|---|---|
| MACKEY Michael | SIMON Galway |
| O"GORMAN Mickael | SIMON Galway |
| WARD Maureen | Irish Traveller Movement |
| **Италија** | |
| MELE Carlo | EAPN Italy |
| SOFIA Giuseppe | EAPN Italy |
| EMILIO Sabrina | EAPN Italy |
| BATTAGLIA Giuseppe | EAPN Italy |
| GRGA Mirko | EAPN Italy |
| RUFINO Francesca | EAPN Italy |
| RICCIARDI Luigi | EAPN Italy |
| **Литванија** | |
| BARANAUSKAITE Vaida | Baltic Foundation |
| LAUKEVICIENE Gemma | Red Cross |
| GRISKEVICIENE Lolita | GELVONAI COMMUNITY |
| TALANDIS Zanas | SOCIAL PROJECTS "MANO GURU" |
| **Луксембург** | |
| SCHULLER Anne-Marie | EAPN Luxemburg |
| **Македонија** | |
| TERZIEVA Pavlovska Meri | MAPP |
| STOJANOVSKI Mite | MAPP |
| PANOV Ico | MAPP |
| **Малта** | |
| GRIMA Francis Saviour | |
| GARRETT Antonia S. | Millenium Chappel Foundation |
| BRINCAT Johanna | Millenium Chappel Foundation |
| TODD DIMECH Joseph | Millenium Chappel Foundation |
| **Холандија** | |
| SMEEKES Alida | EAPN NL |
| NIELAND Marianne | EAPN NL |
| VAN DER VOORT Petra | |
| Svanishvili Davit | EAPN NL |
| Pavliashvili inga | EAPN NL |
| **Норвешка** | |
| HASSAN Jamila | Din Fremtid |
| KASHALE Honoratte Muhanzi | BIBI AMKA |
| MATHISEN Berit | Stiftelsen Selvhjelpens Hus |
| ENGEN Johanna | EAPN Norway |
| MOSTAFA Mostafa Kuku | Din Fremtid |
| **Полска** | |
| WYGNANSKA Julia | Fundation for Social Innovation and Research "Shipyard" |
| PALACZ Natalia | Apteka Sztuki Gallery |
| WRONSKA Barbara | Otwarte Drzwi Association |
| CZARNEKA Alina | The "Otwarte Drzwi" Association |

| | |
|---|---|
| SOSNOWSKI Z.P. | Kamilians Mission of Social Assistance |
| SUSZWEDYK Dariusz | Cammilian's Mission of Social Assistance |
| **Португалија** | |
| VICENTE Maria José | EAPN Portugal |
| PEREIRA Ana | EAPN Portugal |
| JAIME Filipe | EAPN Portugal |
| MENESES Antonio | EAPN Portugal |
| SEABRA Joao | EAPN Portugal |
| **Србија** | |
| ZARKOVIC Branislava | Housing Centre |
| **Словачка** | |
| GALOVICOVA Anna | SAPN |
| MALEK Ivan | SAPN |
| ONSASNIKOVA Dana | SAPN |
| SUCHA Renata | SAPN |
| **Словенија** | |
| NOUHOUM Ibrahim | Zavod RiSi |
| CASL Primoz | Zavod RiSi |
| MAJER Petra | Zavod RiSi |
| PETRIC Zan | Zavod RiSi |
| **Шпанија** | |
| SALGADO VANELLA Fr. | Fundacion Atenea |
| AGUIRAN Maria | Red Aragonese |
| BANON Pedro | Solidarios para el Desarrollo |
| FERNANDEZ Ruben | Cocemfe |
| SANTANA Gladis | Fundacio Dexalles |
| **Шведска** | |
| ANDERSSON Asa | Verdandi |
| JOHANSSON Eva | Verdandi |
| JONSSON Käthe | Verdandi |
| Nordqvist Lena | Insolvens |
| PERSON Lisabeth | Insolvens |
| **Обединето Кралство** | |
| McCausland Fiona | EAPN UK |
| Mc MAHON Marisa | EAPN UK |
| Mc Manus Angela | EAPN UK |
| BRADY Sean | EAPN UK |
| SOBOR Aleksandra | EAPN UK |
| PODRIMAJ Lumturi | EAPN UK |
| **Претседавач** | |
| BRASK FISHER Jesper | Deputy Permanent secretary  Ministyr of Social Affairs, Denmark |
| **Говорници** | |
| ANDOR Làszlo | EU Commissioner for Employment, Social Affairs and Inclusion |
| BURTON Joan | Minister for Social Protection, Ireland |
| BEETS Lauris | Chair of the Social Protection Committee |

| | |
|---|---|
| DE BLOCK Maggie | Belgian State Secretary for Social Integration and Combating Poverty |
| PION Dominique | Delegate from the 10th EU Meeting |
| HOREMANS Ludo | EAPN President |
| MUNSLOW Anthony Neil | Eurocities - Groupe Homelessness |
| MOLAS Jean-François | BAPSA Paris France |
| ROUMET Claire | CECODHAS Housing Europe |
| SPINNEWIJN Freek | Feantsa |
| LE BARS Sylvie | Solidarités actives - France |
| Данско министерство | |
| HAEKKERUP Karen | Mnister for Social Affairs |
| NYEGAARD JEPSEN A.L. | Personal Secretary |
| WINTHER Eva E | Head of Section |
| VIZARD Dorte B | Head of Department |
| MUNK Kirsten | |
| Ирско министерство | |
| BURTON Joan | Minister for Social Protection |
| KELLY Paul | Assistant Principal Officer, Social Inclusion Division, Department of Social Protection |
| BROPHY Edward | Advisor to the Minister for Social protection |
| O'CONNELL Karen | Parliamentary Advisor, Department of Social Protection |
| CRAWFORD Jacinta | Private Secretary to the Minister for Social Protection |
| KEANE Sharon | Social Inclusion Division, Department of Social Protection |
| O'SULLIVAN Maeve | Social Inclusion Division, Department of Social Protection |
| Белгиски државен секретар | |
| DE BLOCK Maggie | Belgian State Secretary for Social Integration and Combating Poverty |
| LAURENT Dominique | Head of Cabinet |
| VAN GEERTSOM Julien | SPP Social Integration, Director |
| VERSCHOOTEN Cedric | Belgian State Secretariat for Social Integration and Combating Poverty |
| ЕУ Комисија | |
| FRANSEN Lieve | Director for Social Policy and Europe 2020 |
| TOLEDANO LAREDO Emma | Empl D2 Head of Unit |
| PARASKEVAS Marie-Anne | Empl F1, Pinrcipal administrator |
| CULTRERA Concetta | Empl D2 Deputy Head of Unit |
| DEGRAND-GUILLAUD Anne | Empl D1, Team leader, Policy Officer |
| DENCH Kevin | Empl D2, policy analyst |
| IRONSIDE Sarah | Empl D1 Interinstitutional affairs assistant |
| TOTH Gabor | Empl E1, Policy officer |
| SASU Ionut | Empl D4 Policy officer |
| VANYOLOS Istvan | Empl D2 Policy analyst |
| ANDREI Corneli | Empl D2 Policy analyst |
| MOLSON Eric | Empl D2 Financial assistant |

| | |
|---|---|
| MESZARO Andrea | Empl D2 Policy analyst |
| HOLTHUIS Egbert | Empl D1 Head of Unit |
| ENGSTED MAQUET Isabelle | Empl A2 Deputy Head of Unit |
| HAAPAKKA Merja | DG REGIO C2 Policy officer |
| OPLAND Oyvind | Empl D1 Policy Analyst |
| SAINT DENIS Antoine | Empl D4 Policy officer |
| HUSZ Dora | Empl D2 Policy officer |
| OP DE BEKE Julisu | Empl D2 Policy officer |
| FAZI Elodie | Empl D2 Policy analyst |
| STOYANOVA Galya | Trainee |
| KETTERER Hanna Maria | Trainee |
| WOLF Wlater | Empl D2 Policy Analayst |
| SPC / EMCO | |
| BEETS Lauris | Chair of the Social Protection Committee |
| RABAU Muriel | SPF Social Security Belgium |
| FOUDRIERE Pascal | Min. Solidarité & Cohésion sociale - France |
| GERSTMANN Kati | Federal Ministry of Labour, Social Affairs and Consumer Protection, Austria (BMASK) |
| SIRLINGER Gerald | Magistratsabteilung 24 Gesundheits- und Sozialplanung |
| CIERNA Maria | Permanent Representation of the Slovak Republic to the EU |
| BOHAN John | Ministry for Social Protection, Ireland |
| Научна заедница | |
| MARLIER Eric | |
| NGO’s | |
| COTTINJI Jean Yves | Comité des Sans logis - EUH France |
| PEETERS Jean | Front Commun SDF - Belgium - EUH |
| SCHNEIDER Jürgen | EUH Germany |
| WILLEMSE Paul | Front commun SDF - NL - EUH |
| HARTUNG Brigitte | HOPE Germany |
| BURGERLING Elly | HOPE NL |
| RAZVAN Marin | HOPE Romania |
| PAARDEKOPER Edo | HOPE Nl |
| DUPRES Aurelie | EU Network of Social Integration enterprises |
| CLARK-FOULQUIER Clotilde | Eurodiaconia |
| EU Progress Social Inclusion NGO’s | |
| BANAS Pauline | Mental Health Europe |
| GREENE Caroline | Eurocities |
| GANZERLA Silvia | Eurocities |
| MARTINSSON Sofia | Eurocities |
| EESC | |
| COULON Pierre Jean | Comité Economique & social |
| LUCAN Eugène | Comité économique & social |

| Водители | |
|---|---|
| CALVANELLI Laura | Caritas Italy |
| GORIS Josee | PPS Social Integration - Belgium |
| HERMANS Marja | Welzijnszorg - Brussels |
| GINNELL Paul | EAPN Ireland |
| STRIANO Mauro | Feantsa |
| VEREECKEN Léopold | |
| MARTON IZABELLA | EAPN Hungary |
| LEVOY Michele | PICUM |
| CARON Vincent | EAPN |
| MARGUERY Olivier | Armée du Salut |
| CESARINI SFORZA | EAPN Italy |
| BACKES Stephan | EAPN Belgium |
| **Модератори на дијалогот** | |
| MARGUERY Olivier | Armée du Salut |
| BACKES Stephan | EAPN Belgium |
| GORIS Josée | PPS Social Integration - Belgium |
| HERMANS Marja | Welzijnszorg - Brussels |
| STRIANO Mauro | Feantsa |
| HOREMANS Ludo | EAPN President |
| **Организациски комитет** | |
| FARRELL Fintan | EAPN, Director |
| **Координатор** | |
| GERONDAL Micheline | EAPN |
| **Репортер** | |
| Edward THORPE | Thorpe European Services |
| **EAPN тим** | |
| DAHMEN Sigrid | EAPN |
| FLEMAL Coralie | EAPN |
| LEE Rebecca | EAPN |
| GONZALEZ Leticia | EAPN |

Извештајот: 11. Европски состанок за луѓето кои живеат во сиромаштија е преведен за потребите на Македонската платформа против сиромаштија, а финасиски поддржан од Европскат мрежа против сиромаштија (ЕАПН)

МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА

EUROPEAN ANTI POVERTY NETWORK

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

364.682.42(4-672ЕУ)(062)

БЕЗДОМНИШТВО и станарски права во време на криза : дали покривот над глава е доволен за да се чувствуваш како дома во ЕУ 2012? : 11 Европски состанок за луѓето кои живеат во сиромаштија, 10-11 мај 2012 Палата Егмонт, Брисел. - Скопје : Македонска платформа против сиромаштијата (МППС), 2013. - 24 стр. : илустр. ; 30 см

ISBN 978-608-65332-4-3

а) Бездомништво - Намалување - Европска унија - Собири
COBISS.MK-ID 93071626

При употреба на податоците, молиме да се наведе изворот:
11. Европски состанок за луѓето кои живеат во сиромаштија, МППС ,ЕАПН